Врз основа на член 51 став 1 алинеа 12 а во врска со член 71 од Статутот на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија Бр.01-68/1 од 04.06.2022 година, Претседателството на ФПСМ на седницата одржана на 05.12.2023 година донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ИЗВРШЕНИ ОБВРСКИ ВО РАБОТАТА НА ЧЛЕНОВИ ЗАДОЛЖЕНИ ОД ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА ФПСМ И ЦСО

## ЧЛ.1

Со овој правилник се утврдува висината на надоместоците на членовите на ФПСМ за активности кои се делегирани од Претседателството на ФПСМ односно ЦСО.

## ЧЛ.2

Висината на надоместокот треба да е во рамките коинцидира со позитивните законски прописи и ги покрива, согласно обемот на расположливи средства целосниот износ односно дел од направените трошоци .

## ЧЛ.3

На ангажираните лица кои во текот на делегираните активности употребуваат свое возило надоместокот на финансиските средства е во износ од 10% од цената на литар гориво за изминат километар.

## ЧЛ.4

Надоместокот за периодот поминат во извршување на делегирани обврски и реализирани активности и обука на членови на ФПСМ и ЦСО, инструктори, ментори, предавачи и др. се регулираат со договор на дело. Износот, кој како надомест за вложениот труд за еднодневен ангажман се исплаќа нема да изнесува повеќе од 8% од просечната плата во земјата за последните три месеци и истата се утврдува на седница на Претседателство на ФПСМ, во моментот на одобрување на активноста.

## ЧЛ.5

Се надоместуваат и трошоците направени во текот на делегираните активности кои се однесуваат на техничка опрема, услуги и материјални средства потребни за реализација на проектот. Наведените трошоци во чл.3 и чл.4 се поднесуваат најкасно 20 дена пред почетокот на активноста која е во рамките на годишната програма и се одобруваат по претходно доставена листа на потребна опрема и услуги кои ја одобрува Претседателството на ФПСМ .

## ЧЛ.6

ФПСМ исплатува и авторски надомест на членови на комисии и работни тела кој не е повисок од пет дневници определени со член 4.

**ЧЛ.7**

Како извор на исплата на потребните средства кои можат да се користат за реализација на делегираните активности се средствата од котизација, спонзорства и донации. Претседателството во рамките на финансиските можности ќе контрибуира средства за секоја активност по предходно донесена одлука.

**ЧЛ.8**

По завршувањето на активностите организаторот најдоцна дваесет дена поднесува наративен и финансиски извештај кој треба да биде разгледан и прифатен од Претседателството, како услов да се започне со исплатата на средства.

**ЧЛ.9**

Овој Правилник стапува на сила од денот на негово прифаќање од страна на претседателството на ФПСМ а најдоцна по 8 дена ќе се објави на страната на Организацијата.

Скопје, 05.12.2023

Претседател на ФПСМ
Зоран Читкушев